## Гласање со кореспонденција

**Акционерот може да гласа со кореспонденција со пополнување на образецот за гласање со кореспонденција.**

Пополнетиот образец за гласање со кореспонденција акционерот го доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер правно лице.

Заедно со пополнетиот образец за гласање со коресподенција, заради потребите на идентификација, секој **акционер физичко лице** е потребно да се достави и копија од документ за идентификација (лична карта/патна исправа).
Заедно со пополнетиот образец за гласање со коресподенција, заради потребите на идентификација, секој **акционер правно лице** е потребно да се достави и копија од важечка тековна состојба за правното лице акционер и копија од документ за идентификација (лична карта/патна исправа) на законскиот застапник на правното лице.

**Образецот мора да биде примен во ТД МАКОШПЕД АД Скопје најдоцна до 19.05.2026 година до 15.00 часот.**

Акционерот кој гласал со кореспонденција може лично да присуствува на седницата на Собранието, но доколку акционерот сака лично да гласа на самата седница мора писмено да го отповика гласањето со кореспонденција. Акционерот своето писмено известување дека го отповикува гласањето, мора да го достави во архивата на друштвото најдоцна до **19.05.2026** година **до 15.00** часот, во спротивно во предвид ќе се земе гласањето со кореспонденција.

ТД МАКОШПЕД АД Скопје
Ул. Македонија бр. 19
1000 Скопје
Одбор на директори на Друштвото
Со назнака: „За Годишно собрание на акционери“